ЕУ твининг-проект „Поддршка во спроведувањето на модернизираната правна рамка за заштита на личните податоци“

# ВОДИЧ ЗА ВРШЕЊЕ НА **ВИДЕОНАДЗОР**



Овој проект е финансиран од Европската Унија

Оваа публикација е изработена како дел од твининг-проектот „Поддршка во спроведувањето на модернизираната правна рамка за заштита на личните податоци“, финансиран од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторите и на проектните партнери, и не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

# Содржина

**Вовед** 3

**1. Клучни одредби од Законот за заштита на личните податоци** 4

1.1. Лични податоци и обработка на лични податоци 4

1.2. Контролор, обработувач и корисник 5

1.3. Опфат на примена 7

**2. Законска рамка за видеонадзор** 8

2.1. Видеонадзор 8

2.2. Обработка на лични податоци преку систем за вршење на видео надзор 12

2.3. Видеонадзор во едностанбени и повеќестанбени објекти 14

2.4. Анализа и периодична оценка 15

2.5. Барање за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци 20

2.6. Давање на лични податоци на корисници 22

**3. Општи импликации од одредбите на Законот за заштита на личните податоци во однос на видеонадзорот** 23

3.1. Обработувач 23

3.2. Проценка на влијанието на заштитата на личните податоци и претходни консултации во однос на систематско набљудување на јавно достапни простори во големи размери 25

**4. Прекршочни одредби** 29

**5. Резиме** 31

# Вовед

Расположливоста на видео уредите и нивната широко распространета употреба од страна на правни лица, институции и поединци во голема мера влијае врз подигнување на нивото на безбедност во општеството.

Сепак, ваквата широко распространета употреба на уреди за снимање секако го ограничува правото на приватност на лицата, и оттаму е неопходна контрола врз начинот како се обработуваат нивните лични податоци, посебно со оглед на растечките можности кои ги нудат новите технологии кои овозможуваат од снимките/уредите за видеонадзор да се оддели поединецот од другите субјекти на лични податоци и на таков начин да се врши надзор над неговото однесување и движење.

За да се одржи рамнотежа помеѓу правото на безбедност (заштита на лица и имот) и правото на приватност (како и заштита на личните податоци), пред да се размислува за поставување на видеонадзор потребно е да се размисли дали постои друг поцелисходен начин за да се постигне саканата цел: зголемување на безбедноста, дали видеонадзорот е навистина неопходен (оваа одлука треба постојано да се ревидира). Доколку има потреба од видеонадзор, треба да се користи само за целите и на начин пропишан со закон бидејќи широката примена на видеонадзор без ограничување на целта на примена, како без потреба од континуирана проценка на понатамошната цел на надзорот може да доведе до намалена приватност уште на самиот почеток, како и до намалена свесност за потребата од почитување на правата на субјектот на лични податоци во однос на принципите за заштита на личните податоци.

Оттаму, целта и намерата на овој водич е на контролорите и обработувачите на збирки на лични податоци да им се обезбедат дополнителни информации за нивните обврски кога обработуваат лични податоци преку видеонадзор, но и да се подигне свеста за правата на субјектите на лични податоци во однос на обработувањето на нивните лични податоци преку видеонадзор.

# 1. Клучни одредби од Законот за заштита на личните податоци

## 1.1. Лични податоци и обработка на лични податоци

За да се појасни обработувањето на лични податоци преку видеонадзор, неопходно е да се укаже на клучните законски одредби во однос на заштитата на личните податоци и вршењето на видеонадзор.

За потребите на Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 294/21) , член 4 ги пропишува најважните дефиниции и помеѓу другото го дефинира поимот **„лични податоци“**, при што тие се дефинираат како податоци кои се однесуваат на физичко лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, врз основа на различни параметри како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице, а **„обработка на личните податоци“** е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување.

Соодветно на ова, бидејќи целта на видеонадзорот е да се собираат и/или чуваат информации во сликовна форма за лицата кои влегуваат во областа која е под видеонадзор, коишто лица може да се идентификуваат врз основа на лик или некои други специфични обележја, обработката на податоци преку видеонадзор е во рамки на опфатот на Законот за заштита на личните податоци (во понатамошниот текст: ЗЗЛП).

Сепак, ЗЗЛП не се однесува на обработка на податоци кои не се однесуваат на конкретно лице, на пример ако поединец не може да се идентификува, директно или индиректно.

За да се појасни обработувањето на лични податоци преку видеонадзор, неопходно е да се укаже на клучните законски одредби во однос на заштитата на личните податоци и вршењето на видеонадзор.

**Пример**: ЗЗЛП не се однесува на случаи кога камери се поставуваат во возила за помош при паркирање, доколку се поставени или позиционирани на начин на кој не собираат информации за поединци (ако не се јасно препознатливи табличките или информации со кои би се иденти-фикувале минувачите).

**Пример**: Уредите кои личат на камери за видеонадзор, таканаречени „лажни камери" кои немаат можност да снимаат или пренесуваат записи, не се опфатени со примената на ЗЗЛП.

## 1.2. Контролор, обработувач и корисник

Под „**контролор**" се подразбира е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци. Кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон или со друг пропис, со закон или со прописот се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување.

**Пример**: за потребите за заштита на имот, компанијата XY поставила систем на видеонадзор. Во овој случај, контролор е компанијата  XY, а не нејзиниот директор или лице задолжено за видеонадзорот.

**Пример**: Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/12, 164/13, 148/15, 193/15, 55/16) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20), чл. 34 пропишува дека возилото кое се користи за превоз на пари мора да има системи за видеонадзор (мобилен). Во овој случај целта се утврдува со Законот за приватно обезбедување, но контролор е компанијата која е должна да инсталира видеонадзор во возилото согласно одредбата од цитираниот закон.

Треба да се нагласи дека обврските во однос на обработка на личните податоцит преку видеонадзор определени со одредбите од ЗЗЛП, се обврски на контролорот, а не на обработувачот (освен ако не е поинаку пропишано со закон).

Под „**Обработувач на збирка на лични податоци**“ се подразбира физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган, агенција или друго тело кое ги обработува личните податоци во име на контролорот.

**Пример**: за потребите за заштита на имот, компанијата XY поставила систем за видеонадзор. Компанијата XY ангажира компанија за приватно обезбедување AB само за да ги инсталира деловите на системот за видеонадзор, и понатаму компанијата AB нема пристап до снимките на системот за видеонадзор. Во тој случај, компанијата AB не се смета за обработувач во смисла на одредбите од ЗЗЛП.

**Пример**: за потребите за заштита на имот, компанијата XY поставила систем на видеонадзор. Компанијата XY ангажирала компанија за приватно обезбедување AB за да врши физичка и техничка заштита на имотот на компанијата. Меѓу другото, вработените од компанијата за обезбедување имаат пристап до снимките од системот за видеонадзор и се грижат за сите технички и организациски мерки во однос на системот за видеонадзор. Во овој случај, компанијата за обезбедување AB е обработувач во однос на системот на видеонадзор на компанијата XY која е контролор.

Под „**корисник**" се подразбира физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице, агенција или друго тело на кое му се откриваат личните податоци без разлика дали е тоа трето лице или не. Меѓутоа, органите на државната власт и државните органи на кои им се откриваат личните податоци во рамките на посебна истрага во согласност со закон, не се сметаат за корисници, при што обработката на овие податоци од овие органи мора да биде во согласност со важечките правила за заштита на личните податоци според целите на таа обработка.

**Пример**: Полицијата истражува кражба на возило што се случила на паркинг што е под видеонадзор. Во согласност со законските одредби што се однесуваат на полициските овластувања, полицијата има надлежност да спроведува истраги и да собира информации за сторителите на кражби. Според тоа, полицијата во овој случај не се смета за корисник во смисла на одредбите од ЗЗЛП, па во случај на вакво барање контролорот мора да одговори на барањето на полицијата (види и обврски од член 94 од ЗЗЛП).

## 1.3. Опфат на примена

Во однос на опфатот на примена на ЗЗЛП, во делот на материјалната примена, согласно член 2, ЗЗЛП се применува на целосно или делумно автоматизирана обработка на личните податоци и на друга обработка на личните податоци коишто се дел од постојна збирка на лични податоци или се наменети да бидат дел од збирка на лични податоци, а став (2) од овој член дефинира дека **ЗЗЛП нема да се применуваат врз обработката на личните податоци што се врши од страна на физички лица, исклучиво заради лични активности или активности во домот.**

Овој таканаречен исклучок за активности во домот е исто така пропишан во членот 89 став (2) од ЗЗЛП во кој се вели дека одредбите од овој закон не се применуваат на обработката на личните податоци преку вршење на видео надзор од страна на физички лица исклучиво заради активности во домот.

Оваа одредба/исклучок во контекст на видеонадзорот мора да се толкува тесно, бидејќи се однесува само на активности кои се спроведуваат во текот на приватниот или семејниот живот на физичките лица и не се однесува во случај кога приватните снимки ќе станат достапни на неограничен број луѓе или кога видеонадзорот покрива, дури и делумно, јавен простор и соодветно на тоа е насочен нанадвор од приватното опкружување на лицето кое ги обработува податоците.

**Пример**: Сопственик на објект регистрирал дејност: обезбедување на услуги за сместување и површината на објектот е под видеонадзор, бидејќи е предмет на деловна активност, и не е предмет на исклучоци (ова не е за чисто лични или активности во домот).

**Пример**: сопственикот поставил систем за видеонадзор во неговата куќа што го снима само ентериерот каде престојуваат лицата кои живеат во неа и снимките од системот за видеонадзор не се јавно достапни. И вакви случаи не се предмет на примената на овој закон.

# 2. Законска рамка за видеонадзор

## 2.1. Видеонадзор

Со член 89 од ЗЗЛП се утврдува дека одредбите од овој закон се применуваат и на обработка на лични податоци преку вршење на видеонадзор, освен ако со друг закон поинаку не е предвидено.

Во законската рамка постојат многу различни закони кои содржат одредби во однос на видеонадзорот и контролорите се должни да применуваат одредби од тие закони доколку истите се однесуваат на нив.

**Пример**: Во Законот за управување со отпад, во одредбите од член 6 и 7 е предвидено дека субјектот од ставот (1) на овој член (субјекти за управување со отпад) е должен да поседува лиценца за управување со отпад доколку: собира и транспортира отпад, складира отпад или преработува или рециклира отпад во стационарни или подвижни постројки, и е должен да постави видеонадзор на местото каде се врши прием на отпадот, како и на други места на локацијата или објектите преку кои ќе биде видлив приемот и дека податоците од видеонадзорот се чуваат најмалку три години. Доколку времето на чување на снимките од видеонадзорот пропишано со друг закон изнесува подолго од 30 дена (рок пропишан со ЗЗЛП), контролорите се должни да постапуваат според одредбите на другиот закон и мора да ги чуваат снимките во рокот утврден со тој закон.

Понатаму, контролорот кој врши видеонадзор е должен да истакне известување за видеонадзорот, кое мора да биде јасно, видливо и истакнато на начин што им овозможува на субјектите на лични податоци да се информираат дека се врши видео надзор. Известувањето мора да содржи информација:

- дека се врши видео надзор,
- името/називот на контролорот кој го врши видео надзорот, и
- начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео надзор.

**Образец бр.3 Известување за вршење на видео надзор[1]**




**Назив на контролорот и каде е применливо назив на претставникот на контролорот:**

**Контакт информации:**

**Контакт информациите за офицерот за заштита на личните податоци (доколку е определен):**

**Информации што го засегаат субјектот на личните податоци (период на чување или следење во реално време, објавување или пренесување на видео снимките на трети страни):**

**Цел, односно цели за вршење на видео надзорот:**

**Права на субјектите на лични податоци**: Како субјект на личните податоци можете да остварите повеќе права, особено право да пристапите или да барате да се избришат вашите лични податоци.
Повеќе детали за видео надзорот и за вашите права може да најдете од информациите наведени од контролорот преку опциите наведени во левиот агол.

Дополнителни информации ќе најдете:
- Преку известување
- На пријавница/ рецепција/ инфо пулт
- На интернет (www)...

[1] ***Забелешка***: *Информациите мора да бидат бесплатни, во транспарентна, разбирлива и лесно достапна форма, напишана на едноставен јазик. Ова известување треба да биде отпечатено на А4 формат.*

**НАПОМЕНА:** QR (кју ар) кодот треба да води кон Изјавата за приватност за видеонадзор на контролорот, а не кон веб страницата на Агенцијата за заштита на личните податоци!

Образецот на споменатото известување (дадено на сликата) е составен дел од Правилникот за начинот на вршење на видеонадзор (образец бр. 3) достапен на следниот линк.

**Важно е да се подвлече дека QR кодот од образецот бр. 3 кој упатува на веб-страницата на Агенцијата за заштита на личните податоци служи само како примери, и во него контролорот, кога е применливо, става QR код каде ќе се внесат дополнителни информации за контролорите во врска со обработката на личните податоци со видеонадзор (на пример: Изјавата за приватност за видеонадзор).**

Информацијата за видеонадзорот ќе се постави на видливо и соодветно место, со цел секое лице кое влегува во простор каде се врши видеонадзор да може јасно да дојде до заклучок дека се врши видеонадзор.

**Пример**: Известување за видеонадзор поставено на влез во трговски центар, кое содржи само графички приказ на камера без дополнително известување, не е сообразно со одредбите од ЗЗЛП.

**Пример**: доколку известувањето за видеонадзор се постави на влезна врата на деловен субјект како дел од текст кој содржи други информации (за работно време, ограничување на движење, информации за Ковид, итн.) и истото не е јасно видливо за субјектот на лични податоци без да го прочита целокупниот текст, ова не е сообразно со одредбите од ЗЗЛП.

**Пример**: Доколку известувањето за видеонадзор е истакнато во хотел во просторот каде е рецепцијата и е видливо на субјекти кои влегуваат во тој простор, ова е во согласност со одредбите од ЗЗЛП.

Се препорачува информациите за местото и времето на чување на снимките од видеонадзорот да бидат на место кое е лесно достапно до субјектот на личните податоци. На пример, да бидат наведени целосно во изјавата за приватност за вршење на видеонадзор која е достапна на централна локација (пулт за информации, рецепција или билетара), на веб страницата на контролорот или да бидат прикажани на лесно достапен постер.

Субјектите на личните податоци се известуваат за обработката на личните податоци согласно членовите 17 и 18 од ЗЗЛП, во случај ако е истакнато известување согласно одредбите наведени погоре.

Членовите 17 и 18 од ЗЗЛП ја пропишуваат обврската контролорот на субјектот на личните податоци да му обезбеди информации за обработката на неговите/нејзините лични податоци и во случаи кога личните податоци се добиени од субјектот и во случај кога податоците не се добиени од субјектот на личните податоци.

Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видеонадзор, во член 13 (Начин на остварување на правата на субјектот на лични податоци) дефинира дека во актот за начинот на вршење на видеонадзор, контролорот го пропишува начинот на остварување на правата на субјектите на лични податоци чии податоци се обработуваат преку системот за видеонадзор согласно членовите од 16 до 26 од ЗЗЛП, а за остварување на правата од ставот (1) на овој член, контролорот доне-сува изјава за приватност која претста-вува составен дел на актот за начинот на вршење на видеонадзор.

Образецот за споменатата изјава е составен дел од Правилникот (Образец бр.4) кој е достапен на следниот линк.

Контролорот врши видеонадзор само на просторот доволен да се исполнат целите за кои е поставен.

Пример: ако контролорот постави систем за видеонадзор на влезот и излезот од службени и деловни простории, а во видеонадзор се вклучени работни простории кои не се поврзани со влезот или излезот на деловните или службените простории, се смета дека видеонадзорот опфаќа и простор кој не е неопходен за потребите на поставување видео-надзор, што е спротивно на одредбите од ЗЗЛП.

Контролорот ги известува вработените за поставување на видеонадзор во службените или деловните простории.

Снимките направени при вршење на видеонадзорот се чуваат до исполнување на целите за кои се врши, но не подолго од 30 дена ако со друг закон е предвиден подолг рок во кој се содржани заштитни мерки и други мерки за заштита на правата и слободите на субјектите на личните податоци, согласно одредбите од ЗЗЛП.

Согласно оваа одредба, како и во примерот даден погоре, (период од 3 години за чување на снимките согласно Законот за управување со отпад) контролорите се обврзани со одредби од друг закон да дејствуваат согласно законските одредби.

Доколку камерите се инсталирани спротивно на законските одредби, сопственикот презема мерки за нивно отстранување, на сопствена сметка.

## 2.2. Обработка на лични податоци преку систем за вршење на видеонадзор

Според членот 90 од ЗЗЛП, контролорот може да врши видеонадзор во службени или деловни простории ако тоа е потребно за:

- заштита на животот или здравјето на луѓето,
- заштита на сопственоста,
- заштита на животот и здравјето на вработените поради природата на работата, или
- обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории само за безбедносни цели.

Се забранува поставување на видеонадзор во гардероби, соблекувални, санитарни јазли и слични простории.

Како што беше наведено во одредбите на ЗЗЛП, контролорот не смее да врши видеонадзор во простории каде што лица дејствуваат надвор од зоната на деловните обврски и во кои видеонадзорот би го повредил нивното право на приватност, а видеонадзорот на овие простории не е неопходен за исполну-

вање на целите за кои се поставува видеонадзор. Имено, не се очекува во тоалет или слична просторија да дојде до значителна закана по имотот или животот на вработените, но поради значителната закана по приватноста на лицата кои се во неа, не е дозволен видеонадзор на овие простории.

**Пример**: Контролорот поставил видеонадзор во соблекувална, сметај-ќи дека е неопходно за заштита на имотот бидејќи се наоѓа на приземје и во него може да се влезе со кршење на прозорецот. Таквата обрабо-тка не е во согласност со ЗЗЛП и е забранета. Контролорот морал да пре-земе и други мерки за заштита на имотот (поставување на прозо-рец кој не може да се искрши или метална заштита на прозорецот, ви-деонадзор на надворешниот периметар и сл.).

Контролорот е должен да го уреди начинот на вршење на видео надзор со посебен акт, а содржината и формата на актот ги пропишува директорот на Агенцијата.

Формата и содржината на споменатиот акт е уредена со Правилникот за формата и содржината на актот за начинот на вршење на видеонадзор. Овој правилник содржи одредби (членови) со кои се дефинира: содржи-ната и формата на актот, правниот основ, наслов на актот, основните одредби со опис на системот за вршење на видеонадзор, целта односно целите на обработка на личните податоци, категориите на лични подато-ци, давање и пренос на лични податоци обработени преку системот за вршење на видеонадзор, технички и организациски мерки за обезбеду-вање безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор, лицата овластени за обработка на лични пода-тоци преку системот за вршење на видеонадзор, известување за вршење на видеонадзор, начин на остварување на правата на субјектот на лични податоци, технички спецификации на опремата како и план каде е поста-вен системот за вршење на видеонадзор. Понатаму во водичот ќе се дискутираат клучните одредби од спомнатиот правилник.

## 2.3. Видеонадзор во едностанбени и повеќестанбени објекти

Согласно член 91 од ЗЗЛП, за вршење на видео надзор во едностанбени и повеќестанбени објекти задолжително е потребна писмена изјава за согласност од најмалку 70% од вкупниот број на сопственици, станари, односно закупци на становите.

**Се забранува:**

- пренесување на снимките од видео надзорот во едностанбените и повеќестанбените објекти преку кабелска телевизија (јавна или интерна мрежа), преку интернет или други електронски средства за пренос на податоци,
- снимање на влезови на индивидуални станови на други сопственици, станари, односно закупци.

**Пример**: По неколку кражби од подземна гаража во станбена зграда, претставник на сопствениците, по барање (дадено во усна форма) на повеќе сосопственици (станари), бргу поставил систем видеонадзор без прибирање писмена согласност и без да ги извести станарите за денот на почетокот на видеонадзорот. Ваквото однесување е спротивно на ЗЗЛП бидејќи пред поставување на видеонадзор потребно е да се собере писмена согласност од 70% од сопствениците (станарите) и тие да се информираат за почетокот на видеонадзорот.

**Пример**: во еден повеќестанбен објект е поставен систем за видеонадзор кој ги снима влезовите и излезите од зградата. Една камера за видеонадзор е поставена на начин со кој се покрива местото каде се заклучуваат велосипедите, но на снимките се гледа и влезот во еден приватен стан, кој е во близина. Ова е спротивно на законските одредби бидејќи видеонадзорот не смее да го покрива влезот (влезната врата) на приватно живеалиште, и истиот мора да се премести со цел да не биде видлив влезот во приватниот стан.

Во врска со одредбите споменати погоре, условите кои се пропишани со ЗЗЛП мора кумулативно да се исполнат, т.е. согласноста мора да биде во писмена форма и неопходно е од 70% од сопствениците (станарите) да дадат согласност пред почеток на видеонадзорот.

Не е неопходно секој сопственик (станар) одделно да ја изразува својата согласност во посебен акт, но тоа може да биде акт кој во текстот ќе содржи јасни информации за сите околности на планираната обработка на лични податоци преку видеонадзор во внатрешноста на зградата каде видливо ќе се наведе дека лицата (сопственици или станари) со давање на свој потпис се согласуваат на воспоставување на систем за видеонадзор како што е опишан во текстот на тој акт. Исто така, се препорачува во актот да се наведат јасно внесени податоци за лицата кои дале согласност и известување од кои може да се заклучи колкав е тој процент од вкупниот број на сопственици (станари) во целата станбена зграда.

**Пример**: во еден повеќестанбен објект е поставен видеонадзор со претходно добиена согласност на 70% од сопствениците (станарите) и тие биле информирани за почетокот на видеонадзорот, и согласно договорот, сите сопственици (станари) имале пристап до снимките од видеонадзорот преку интерна мрежа за кабелска телевизија. И ова е спротивно на одредбите од ЗЗЛП.

## 2.4. Анализа и периодична оценка

Член 92 од ЗЗЛП пропишува дека Контролорот е должен да врши анализа на целта, односно целите за кои се поставува видеонадзорот, пред започнување на процесот на воспоставување на систем за вршење на видеонадзор, освен ако со овој закон поинаку не е предвидено. Анализата ќе ги содржи причините за поставување на видеонадзорот со образложение на потребата за исполнување на целите (во согласност со одредбите од ЗЗЛП, како и опис на недвижните и движните ствари, односно простор кои ќе се штити со поставувањето на видеонадзорот.

Преку оваа анализа, контролорот ќе одговори на прашањата дали е потребен видеонадзор, дали може да се постигнат целите (зголемена безбедност), дали сите предуслови се задоволени да се постави видеонадзорот (може да има потреба да се собере согласност) и колкав опфат е доволен да се исполни целта на видеонадзор (со оглед на тоа дека некои простори не смее да се снимаат, на пример, соблекувални во канцеларии, деловни простории, или влезови во живеалишта).

Ако се утврди дека е потребно да се постави видеонадзор на некои простории/соби, контролорот треба да анализира кои организациски и технички мерки треба да се преземат за да се обезбеди обработка на личните податоци, со цел лицата да се соодветно информирани за обработката на личните податоци преку видеонадзор.

Формата и содржината на анализата се дефинира со Правилникот за содржина на анализа на целта односно целите за која се поставува видеонадзорот и извештајот од извршена периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видеонадзор, и со образец од анализата на целта односно целите (Образец бр. 1) кој е составен дел од овој Правилник (достапен на следниот линк.

Наведената анализа треба да ги содржи сите релевантни информации за обработката на личните податоци, и како што беше претходно спомнато, анализата на обрасците е пропишана со Правилникот, но важно е понатаму да се спомнат некои важни одредби од анализата кои треба да се земат предвид на соодветен начин со цел обработката на личните податоци преку видеонадзор да биде сообразна со одредбите од Законот за заштита на лични податоци, како што се:

- Законскиот основ, т.е. целта/целите за кои се поставува системот на видеонадзор

За потребите на оваа одредба, важно е да се земе предвид законската основа согласно одредбите на ЗЗЛП, т.е. дали тие цели се во сооднос со целите пропишани со одредбите од член 89 од ЗЗЛП. Ако целите не се сообразни со поставувањето на системот на видеонадзор (или ова не е обврска согласно друг закон ниту пак е исклучок кој се однесува на физички лица во однос на видеонадзор исклучиво заради активности во домот), поставувањето на систем за видеонадзор е забранет.

- Причините за поставување на системот, односно потребата за исполнување на целта, односно целите

Ако е утврдена законската основа, исто така е потребно да се појаснат релевантните цели на начин при што сите околности ќе бидат земени предвид и наведени (за поставување на видеонадзор).

- опис на недвижните и движните ствари, односно просторот кој ќе се заштитува со системот за видео надзор

Потребно е дополнително да се опише просторот како и имотот кој се заштитува за да се оправда неопходноста од спроведување на видеонадзор. На пример, контролорот може да заклучи дека видеонадзорот е пресилна мерка наспроти ниската вредност или нискиот ризик во случај на оштетување на имотот/во просторот/канцелариите во кои не е дозволено да се постави видеонадзор.

- Други мерки кои може да се преземат за исполнување на целта/целите за кои се поставува системот на видеонадзор, причините зошто тие мерки не би се сметале за доволни, т.е. неприфатливи за контролорот во насока на исполнување на саканата цел/цели за поставување на видеонадзор

Треба да се наведе кои мерки се земени предвид при одлуката да се постави видеонадзор. На пример, за заштита на службени возила на отворен паркинг, контролорот ја преиспитува и можноста за изградба на ограда. Согласно прописите со кои се уредува изградбата на објекти и други објекти, се заклучува дека изградбата не е можна во задоволителен временски рок, значи единствената можност за соодветна заштита на возилата на паркингот (а со оглед на неопходноста поради бројни оштетувања на паркирани возила) е воспоставување на систем за видеонадзор.

Преку соодветна контрола на горенаведените услови, контролорот може да донесе соодветна одлука дали да се постави видеонадзор, односно му укажува на контролорот дека доколку не се исполнети одредени услови, обработката на личните податоци нема да биде во согласност со одредбите на ЗЗЛП, со што видеонадзор не треба да се постави, и дека за постигнување на целите до кои би довело поставувањето на видеонадзор мора да се применат други средства.

Други одредби од анализата му овозможуваат на контролорот да примени соодветни организациско-технички мерки за безбедна обработка и за соодветно информирање на субјектите за обработка на нивните лични податоци преку видеонадзор, со што се овозможува исполнување на нивните права согласно ЗЗЛП.

Евиденцијата наведена подолу, која се однесува на пристапот и увидот во обработените податоци преку системот за видеонадзор може да бидат снимените функционалности на уредот (запис на податоци) или може да бидат пишани записи каде се содржани сите пропишани елементи во форма на документ во Ворд или табела во Ексел.

Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видеонадзор, во член 9 ги пропишува техничките и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор, согласно кој контролорот задолжително ги определува техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор, како и мерките за техничка и интегрирана заштита на личните податоци согласно двата прописи за заштита на личните податоци, со давање на опис за преземените технички и организациски мерки, и дека исто така ќе примени технички мерки за оневозможување на пристап од далечина до системот за вршење на видеонадзор, притоа земајќи ги во предвид најновите технолошки достигнувања, а според анализа на ризик. Понатаму, се пропишува контролорите да мораат да водат евиденција за пристапот и увидот во обработените податоци преку системот за видеонадзор, која ќе содржи информации како што се: име и презиме на овластеното лице; датум и време на пристапување; цел за пристапување; датум и час на направената снимка кон која се пристапува; датум и време, назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимката од видеонадзорот; вид на медиумот во кој е содржана снимката од видеонадзорот; и други податоци согласно одредбите од Правилникот за безбедност на обра-ботката на личните податоци.

Во став 3 од споменатиот член 92 од законот исто така е пропишано дека контролорот е должен да врши периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видео надзор на секои две години, а особено за:

- понатамошната потреба од користење на системот за вршење на видео надзор,
- целта, односно целите за вршење на видео надзор, и
- можните технички решенија за замена на системот за вршење на видео надзор.

Како дел од извршената оценка, контролорот е должен да изработи извештај како составен дел на документацијата за воспоставување на систем за видеонадзор, во која задолжително ќе се внесат статистички показатели за пристапот до снимките направени при вршење на видеонадзорот, како и начинот на искористување на снимките.

Статистичките индикатори кои се спомнати за пристапот до снимките направени при вршење на видеонадзорот (како и целта на снимањето) е мерка која на контролорот ќе му овозможи да се следи деловната (законска) основа за користењето на снимките и ќе даде информации за вистинската потреба за користење на видеонадзор. На овој начин му се обезбедува на надзорниот орган (во случај на дејствие на надзор) потврда за усогласеноста на контролорот со одредбите на ЗЗЛП. Оваа евиденција може да биде во форма на Ворд документ или Ексел табела, во која треба да бидат содржани сите пропишани елементи.

Контролорите се должни да го изготват споменатиот извештај кој ќе се додаде како составен дел на документацијата за воспоставување на системот на видеонадзор.

Формата и содржината на споменатата анализа е исто така дефинирана со Правилникот за содржината на анализата на целта, односно целите за која се поставува видеонадзорот и извештајот од извршена периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видеонадзор, со образец од анализата за целта/целите на видеонадзорот, кој е составен дел на Правилникот (Образец бр. 2), (достапен на следниот линк).

Како што е наведено погоре, контролорот е должен да врши периодична оценка на потребата од вршење видеонадзор на секои две години, односно дали со поставувањето на системот се постигнува саканата цел и дали постојат други технички мерки со кои може да се постигне истата цел, наместо видеонадзорот.

Ова придонесува контролорите да ги почитуваат одредбите од ЗЗЛП на начин што при проценката се преиспитуваат сите важни елементи од обработката на личните податоци преку видеонадзор, што му овозможува на контролорот да преземе соодветни организациски и технички мерки (доколку е потребно), со што се зајакнува правото на субјектите на личните податоци да ги заштитат своите лични податоци, односно правото на приватност, на начин што нема да се врши видеонадзор на просторот или просториите доколку тоа не е неопходно за реализација на одредена (пропишана) цел.

Споменатиот Правилник исто така пропишува дека во случај на замена или надградба на веќе воспоставен систем за видеонадзор на период пократок од две години, задолжително претходно се врши периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видеонадзор.

Оваа одредба ги обврзува контролорите, по воведување на какви било измени на постоечкиот систем на видеонадзор, да ги преземат сите потребни мерки пропишани со ЗЗЛП и споменатиот Правилник.

## 2.5. Барање за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци

- Член 93 од ЗЗЛП пропишува дека кога физичко лице ќе поднесе барање за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци кое се однесува на обработка на лични податоци преку вршење на видеонадзор во едностанбени или повеќестанбени објекти, подносителот на барањето е должен да ги наведе податоците за физичкото, односно правното лице против кое се поднесува барањето и тоа особено: име и презиме, адреса на живеење, односно назив и седиште на правното лице.

- Во случај кога барањето не ги содржи наведените податоци, подносителот е должен на барање на супервизорот истите да ги достави во рок од осум дена од денот на приемот на барањето, а доколку подносителот не ги достави податоците, односно не го дополни барањето во определениот рок, па поради тоа по истото не може да се постапува, ќе се смета дека барањето не е ни поднесено, за што супервизорот ќе донесе решение за отфрлање на барањето кое не содржи правна поука.

Физичко лице поднесува барање за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци во врска со обработката на личните податоци преку вршење на видеонадзор во едно/повеќестанбен(и) објект(и), но во барањето не е наведено името на физичкото лице - подносител. Ако, по барање на супервизорот да се дополни барањето, физичкото лице не ги доставува податоците кои недостасуваат во рок од осум дена, супервизорите донесуваат решение за отфрлање на барањето (тоа не содржи правна поука).

Во случај кога е поднесено барање согласно со наведениот став, физичкото, односно правното лице против кое што е поднесено барањето е должно на барање на супервизорот да достави докази во врска со барањето, а особено:

- слика од мониторот на којшто се гледаат камерите од видеонадзорот (print screen), како и фотографија за поставеноста на камерите преку кои се врши видео надзорот односно, или
- нотарски заверена изјава дека не врши видео надзор на простор кој е во сопственост, односно владение на подносителот на барањето, а во врска со кој е поднесено барањето, или
- изјава дека не врши видео надзор на простор кој е во сопственост, односно владение на подносителот на барањето, а во врска со кој е поднесено барањето, дадена усно на записник составен од страна на супервизорот.

По доставување на бараните докази, супервизорот врши супервизија согласно одредбите од ЗЗЛП.

Правно лице кое обработува лични податоци преку вршење видеонадзор во повеќестанбени објекти (против кое е доставено барањето), по барање на супервизорот доставило докази во врска со барањето, поконкретно слика од мониторот на којшто се гледаат камерите од видеонадзорот, како и фотографии за поставеноста на камерите преку кои се врши видеонадзорот. По доставување на доказите, супервизорот врши супервизија со која се утврдува дали контролорот постапил согласно одредбите од ЗЗЛП и подзаконските акти при поставување на видеонадзорот (согласност на 70% од сопствениците (станарите), и дали се информирани за отпочнување на функционирањето на системот за вршење на видеонадзор, дали има известување дека е поставен видеонадзор, анализа на целите на видеонадзорот, периодична оценка, ако ја има, ...).

## 2.6. Давање на лични податоци на корисници

- Член 94 од ЗЗЛП пропишува дека контролорот ќе ги даде личните податоци на користење на корисник за конкретен случај, врз основа на писмено барање од корисникот, доколку тој корисник согласно со закон е овластен да ги обработува тие лични податоци.

- Доколку обврската за давање на лични податоци на корисник е утврдена со закон и истата се врши со предвидена динамика, корисникот не поднесува писмено барање до контролорот согласно со одредбите на овој член.

- Наведеното писмено барање може да се поднесе и по електронски пат (согласно со ЗЗЛП) и мора да содржи информација за причини, законска основа за користење на личните податоци, категорија на субјекти на лични податоци и категорија на личните податоци кои се бараат.

- Се забранува давање на лични податоци на користење на корисник чија обработка, односно користење не може да се врши согласно со одредбите од членовите 10 и 13 од ЗЗЛП (законска основа, содржина, барање за обработка на посебни категории на лични податоци) и доколку целта заради која се бараат личните податоци е во спротивност со членот 9 став (1) алинеја 2 од ЗЗЛП (личните податоци мора да се собираат за конкретни, јасни и легитимни цели и дека нема понатаму да се обработуваат на начин што не е во согласност со тие цели).

- Личните податоци кои се обработени за целите на архивирање од јавен интерес, за научни или историски истражувања или за статистички цели не можат да се даваат на користење на корисник во форма која овозможува идентификација на субјектот на личните податоци.

- Во случаите од ставовите (1) и (2), контролорот е должен да води посебна евиденција за категориите на личните податоци кои се дадени на користење, корисникот на личните податоци, категоријата на субјекти на лични податоци, законскиот основ и причината за која овие лични податоци се дадени на корисникот. Споменатите лични податоци може да се користат само во време кое е неопходно за остварување на конкретната цел предвидена со закон.

- Одредбите од став 94 од ЗЗЛП во однос на давањето лични податоци на корисници исто така се однесува на размена на лични податоци помеѓу органите на државната власт, јавните институции и установи, освен ако не е поинаку пропишано со закон.

# 3. Општи импликации од одредбите на ЗЗЛП во однос на видеонадзорот

## 3.1. Обработувач

Контролорите (посебно правни лица) често користат обработувачи за спроведување на системите за видеонадзор како мерка за техничка заштита, и соодветно на тоа понатаму ги нагласуваме обврските на обработувачот во однос на одредбите на ЗЗЛП.

- Ако обработката се врши во име на контролорот, тогаш контролорот користи само обработувачи кои обезбедуваат доволна гаранција за примена на соодветни технички и организациски мерки на таков начин на кој обработката ќе се одвива во согласност со барањата од ЗЗЛП и ќе обезбедува заштита на правата на субјектот на личните податоци.

Оваа одредба ја зајакнува одговорноста на контролорот да процени и утврди дали обработувачот е во состојба да ги преземе сите потребни мерки за да обезбеди усогласеност со ЗЗЛП и да избегне, односно да не користи обработувач кој не е компетентен да ги исполни барањата од ЗЗЛП. Елементи кои треба да се земат предвид може да бидат стручните познавања на обработувачот (стручна експертиза во однос на безбедносните мерки и повреди на законот); сигурноста на обработувачот; ресурсите на обработувачот и степенот до кој се придржува кон одобрен кодекс на однесување или механизам за сертификација. Во некои случаи со некој друг закон може да се пропишат посебни барања или дозволи за обработувачот (на пример, со одредби од Законот за приватно обезбедување).

- Обработувачот не може да ангажира друг обработувач без претходно посебно или генерално писмено овластување од страна на контролорот. Во случај на генерално писмено овластување од страна на контролорот, обработувачот го информира контролорот за сите планирани промени за ангажирање или замена на други обработувачи, давајќи му можност на контролорот да се спротивстави на тие промени.

- Обработката од страна на обработувачот се регулира со договор или со друг правен акт во согласност со закон, што е обврзувачки за обработувачот во однос на контролорот, и со кој се регулира предметот и времетраењето на обработката, природата и целта на обработката, видот на личните податоци и категориите на субјекти на личните податоци, како

и обврските и правата на контролорот.

Договорот или другиот правен акт поконкретно ќе пропише дека обработувачот:

- ги обработува личните податоци само според документирани упатства од контролорот, вклучувајќи и пренос на лични податоци во трета земја или меѓународна организација, освен кога е должен да го стори тоа според барањата на закон што се применува во однос на обработувачот;

Во таков случај, обработувачот го информира контролорот за тоа правно барање пред обработката, освен ако тој закон забранува такво информирање заради важни причини од јавен интерес;

Секоја обработка на лични податоци од страна на обработувач мора да биде уредена со договор или друг правен акт во писмена форма, односно во електронска форма, и истиот е обврзувачки.

Сепак, договорот за обработка не треба само да ги повторува одредбите од законот, туку треба да содржи поконкретни информации за тоа како може да се исполнат барањата и за тоа кое ниво на безбедност треба да се запази кога се обработуваат лични податоци кои се предмет на договорот за обработка.

- обезбедува дека овластените лица за обработка на личните податоци се обврзани да ја почитуваат доверливоста или подлежат на законска обврска за почитување на доверливоста;
- ги презема сите неопходни мерки согласно со членот 36 од Законот;
- ги почитува условите наведени во ставовите (2) и (4) на овој член за ангажирање на друг обработувач;
- земајќи ја предвид природата на обработката, му помага на контролорот, преку примена на соодветни технички и организациски мерки, колку што е можно, да ги исполни обврските на контролорот да одговори на барањата за остварување на правата на субјектот на личните податоци утврдени во Законот;
- му помага на контролорот да обезбеди усогласување на обврските согласно со членовите од 36 до 40 од Законот, земајќи ги предвид природата на обработката и информациите кои му се достапни на обработувачот;

- по избор на контролорот, ги брише или ги враќа сите лични податоци на контролорот по завршувањето на услугите поврзани со обработката на личните податоци и ги брише постојните копии, освен ако со закон не постои обврска за чување на личните податоци;

- му обезбедува пристап на контролорот до сите информации потребни за докажување на исполнувањето на обврските утврдени со ЗЗЛП, овозможува и придонесува за извршување на ревизии, вклучувајќи инспекции од страна на контролорот или друг ревизор овластен од страна на контролорот.

Обработувачот или друго лице кое дејствува во име на контролорот или обработувачот кој има пристап до лични податоци, истите нема да ги обработува освен доколку за ова не добие упатство од контролорот, или ако ова се бара од него согласно друг закон.

Сите наведени обврски на контролорот и обработувачот се применливи и во случај кога се обработуваат лични податоци преку видеонадзор, значи, ако сте контролор кому му треба обработувач или ако сте обработувач во однос на видеонадзор, имате обврска да се придржувате кон обврските на ЗЗЛП. Дополнителни информации во врска со контролорите и обработувачите се достапни на следниот линк.

## 3.2. Проценка на влијанието на заштитата на личните податоци и претходни консултации во однос на систематско набљудување на јавно достапни простори во големи размери

**Проценка на влијанието на заштитата на личните податоци**

Со оглед на тоа што ЗЗЛП во своите одредби не ги пропишува одделно обврските на контролорот во однос на видеонадзор на јавни простори (јавно достапни простори), се применуваат општите одредби од овој закон, освен ако не е поинаку пропишано со друг закон.

Како заклучок, целокупната обработка на личните податоци која потпаѓа под опфат на ЗЗЛП мора да биде законита и правична. Ова значи дека мора да постои соодветен „правен основ“, како што се бара со член 10 од ЗЗЛП и целокупната обработка на податоци мора да биде согласно начелата на обработка на податоци, согласно обврската од член 9 од овој закон.

Во овој Водич се спомнати сите поважни одредби од ЗЗЛП во однос на обработката на лични податоци преку системи за видеонадзор, и важно е да се нагласат одредбите кои ги пропишуваат обврските на контролорите доколку имаат намера да спроведуваат систематско набљудување на јавно достапна област од големи размери.

Кога при користење на нови технологии за некој вид на обработка, според природата, обемот, контекстот и целите на обработката, постои веројатност истата да предизвика висок ризик по правата и слободите на физичките лица пред да биде извршена обработката, контролорот е должен да изврши проценка на влијанието на предвидените операции на обработката во однос на заштитата на личните податоци. Една проценка може да се однесува на серија слични операции на обработка, кои претставуваат слични високи ризици.

Треба да се нагласи дека ова не е периодична оценка, онака како што е пропишана со член  92 од ЗЗЛП. Проценка на влијанието на заштитата на личните податоци е процес кој ви помага да ги утврдите и намалите ризиците од заштитата на личните податоци на одредени наброени ризици поврзани со обработката, или на која било друга обработка за која е веројатно дека ќе резултира со висок ризик по интересите на поединците.

Проценката на влијанието врз заштитата на личните податоци посебно се бара во случај на:

- систематска и сеопфатна оценка на личните аспекти кои се поврзани со физички лица, која се заснова на автоматска обработка, вклучувајќи и профилирање, а врз основа на која се донесуваат одлуки кои произведуваат правно дејство во врска со физичкото лице или значително влијаат на физичкото лице;
- обемна обработка на посебните категории на лични податоци или на лични податоци поврзани со казнени осуди и казнени дела од членот 13, став (1) од ЗЗЛП; или
- систематско набљудување на јавно достапни простори во големи размери.

Во однос на погоре споменатата (подвлечена) одредба, важно е да се исполнат три услови:

1. **да има систематско набљудување** – кое се спроведува согласно систем; претходно договорен, организиран и методичен; кој се одвива како дел од општ план за прибирање на податоци или кој се спроведува како дел од стратегија,

2. **јавно достапна област** – кое било место отворено за јавноста, на пример улица, парк, пазар, железничка станица или јавна библиотека...,

3. **да има обемна обработка** – при одредување дали обработката е од голем обем, треба да се земат предвид следните фактори: а. бројот на субјекти на личните податоци кои се засегнати, дали како конкретна бројка или како процент од населението; б. обемот на податоци и/или опфатот на различните податоци кои се обработуваат; в. времетраењето, или повторливоста на активноста на обработка на податоци, и г. географскиот обем на активноста на обработка.

**Пример**: употребата на систем на видео надзор на наплата на патарина на автопатиштата. Контролорот предвидел користење на интелигентен систем на видео анализа кој автоматски ги препознава регистарските таблички и наплаќа патарина од корисничките сметки. Бидејќи тука е вклучено систематско набљудување и иновативна употреба или примена на технологии, потребна е проценка на влијанието на заштитата на личните податоци.

**Проценката ќе содржи најмалку:**

- систематски опис на операциите за предвидената обработка и целите на обработката, вклучувајќи ги, каде што е применливо и легитимните интереси на контролорот;
- проценка на неопходноста и пропорционалноста на операциите на обработка во однос на целите;
- проценка на ризиците за правата и слободите на субјектите на личните податоци;
- мерките предвидени за решавање на ризици, вклучувајќи заштитни мерки, мерки на безбедност и механизми за да се обезбеди заштита на личните податоци и за да се демонстрира усогласеност со Законот, земајќи ги предвид правата и легитимните интереси на субјектите на личните податоци и други засегнати лица.

Доколку треба да направите проценка на влијанието на заштитата на личните податоци, подетални информации се на располагање на следниот линк.

**Претходни консултации:**

Контролорот е должен да се консултира со Агенцијата пред обработката, ако процената на влијанието на заштитата на личните податоци покаже дека, доколку контролорот не преземе мерки за ублажување на ризикот, тогаш обработката ќе предизвика висок ризик.

При консултирањето со Агенцијата контролорот на Агенцијата и ги доставува следните информации:

- Онаму каде ги има, податоци за конкретните одговорности на контролорот, заедничките контролори и обработувачите вклучени во обработката;
- целите и средствата на планираната обработка;
- предвидените заштитни мерки и другите мерки за заштита на правата и слободите на субјектите на лични податоци во согласност со Законот;
- контакт податоци на офицерот за заштита на личните податоци, кога е применливо;
- процената на влијанието на заштитата на личните
- сите други податоци побарани од Агенцијата.

Органите на државната власт и државните органи се консултираат со Агенцијата за време на изработување на предлог закони кои се донесуваат од страна на Собранието на Република Северна Македонија, или на подзаконски акти врз основа на донесените закони, кои се однесуваат на обработката на личните податоци.

При процесот на консултирање на контролорите со Агенцијата, контролорот е должен да побара претходно одобрение од Агенцијата за обработка која ќе се врши од страна на контролорот за цели на јавниот интерес, вклучувајќи и обработка за цели на социјална заштита и јавно здравство, а одобрението се бара посебно во случај кога:

- основните активности на контролорот се состојат од операции за обработка, кои поради својата природа, опсег и/или цели, бараат во голема мера редовно и систематско следење на субјектите на лични податоци;
- основните активности на контролорот се состојат од обемна обработка на посебни категории на лични податоци согласно член 13 од Законот или лични податоци поврзани со казнени осуди и казнени дела од членот 14 на ЗЗЛП, или

- ќе се врши систематско набљудување на простори или простории во големи размери.

Ако имате потреба од претходни консултации, на следниот линк можете да најдете подетални информациина следниот линк.

## 4. Прекршочни одредби

Доколку при спроведување на супервизијата, супервизорот утврди повреда на ЗЗЛП, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија согласно одредбите од овој закон и Законот за прекршоци.

Доколку, во случај на вршење редовна супервизија, супервизорот утврди повреда на овој или друг закон, тој/таа определува рокови за отстранување на утврдените повреди, а по истекот на утврдените рокови со решението, супервизорот може да спроведе контролна супервизија.

Глоба во износ од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице-контролор, ако:

- врши видео надзор спротивно на одредбите на членот 89 од ЗЗЛП;
- врши обработка на лични податоци преку систем за вршење на видеонадзор спротивно на одредбите на ЗЗЛП (член 90);
- врши видео надзор во еднostанбени и повеќестанбени објекти спротивно на одредбите на ЗЗЛП (член 91);
- не врши анализа и периодична оценка според одредбите на ЗЗЛП (член 92).

Исто така, ќе му се изрече глоба на:

- одговорното лице во правното лице,
- на службено лице во органите на државната власт,
- на физичко лице – контролор или обработувач.

При одмерување на глобата во секој конкретен случај соодветно се разгледуваат следните елементи:

- природата, тежината и времетраењето на повредата, земајќи ја предвид природата, обемот или целта на соодветната обработка, како и бројот на засегнати субјекти на лични податоци и степенот на нивната претрпена штета;
- дали повредата е извршена намерно или од небрежност;
- секоја преземена активност од контролорот или обработувачот за ублажување на последиците од штетата претрпена од страна на субјектите на личните податоци;
- степенот на одговорност на контролорот или обработувачот, земајќи ги предвид техничките и организациските мерки кои се применуваат;
- сите релевантни претходни прекршоци сторени од страна на контролорот или обработувачот;
- степенот на соработка со Агенцијата со цел отстранување на повредата и ублажување на можните негативни ефекти од таа повреда;
- категориите на лични податоци врз кои влијае повредата;
- начинот на кој Агенцијата дознала за повредата, особено дали и до кој степен контролорот или обработувачот известил за повредата;
- ако против засегнатиот контролор или обработувач во врска со истиот предмет на обработка претходно му биле изречени мерки од членот 66 став (2) од овој Закон, неговото усогласување со тие мерки;
- почитувањето на одобрените кодекси на однесување во согласност со Законот или со одобрените механизми за сертификација
- сите други отежнувачки или олеснувачки фактори кои се применливи на околностите на случајот, како што се директно или индиректно остварени финансиски добивки или избегнати загуби поради повредата

Како што е наведено погоре, од контролорот или обработувачот може да се побара да исполнат други обврски од ЗЗЛП, на пример признавање на правата на субјектите на личните податоци, проценка на влијанието на заштитата на личните податоци или претходна консултација, и во таков случај, иако обработката се однесува на видеонадзорот, тие се сметаат за одговорни за повреди на тие обврски, што претставува Прекршок од I или II категорија, согласно ЗЗЛП.

# 5. Резиме

Како што е наведено во воведот, широката употреба на видеонадзорот и иновативните нови технологии кои веќе се или може да станат дел од системите за видеонадзор (користење на дронови и автономни возила) доста го отежнуваат регулирањето на овој тип на обработка на личните податоци и секако ќе бидат предмет на уредување во рамки на ЗЗЛП или на друг закон.

Целта на овој водич е да им помогне на физичките или правните лица или јавни установи кои ќе решат да воведат систем на видеонадзор, да се стекнат со еден краток вовед и појаснувања во однос на нивните обврски согласно ЗЗЛП.

Да нагласиме:

- За физички лица кои спроведуваат и користат видеонадзор за лични активности или активности во домот (видеонадзор на сопствени простории) – Исклучок за активности во домот – обврските согласно ЗЗЛП не се применуваат.
- Одредбите од ЗЗЛП се однесуваат на обработка на лични податоци преку вршење на видеонадзор, освен ако не е поинаку пропишано со друг закон.
- Дополнителни услови кои се пропишуваат за видеонадзор на службени или деловни простории (утврдена цел, ограничување во однос на снимање на одредени простории, информирање на субјектите дека се врши видеонадзор, обврска да се постави известување и за нивните права согласно ЗЗЛП).
- Дополнителни услови кои се однесуваат на видеонадзор на едностанбени и повеќестанбени објекти (потребна е писмена изјава за согласност од најмалку 70% од вкупниот број на станари, претходно известување, ограничувања на набљудување на влезови во приватни домови, ограничување на начинот на кој се евидентира преносот.
- Обврска да се спроведува анализа и периодична оценка и обврски согласно другите подзаконски Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видеонадзор и Правилник за содржина на анализа на целта односно целите за која се поставува видеонадзорот и извештајот од извршена периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видеонадзор.

- Обврски во случај кога се доставува барање за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци кое се однесува на обработка на лични податоци.

- Дополнителни обврски во случај на давање на лични податоци на корисници.

- Дополнителни обврски за обработувачите и да прават проценка на влијанието на заштитата на личните податоци или претходни консултации, по потреба.

- Во случај на повреда на одредбите од ЗЗЛП може да се изречат глоби.





SCAN ME

+389 2 3230 635 бул. „Гоце Делчев“ бр 18 Скопје

www.azlp.mk info@privacy.mk

Овој проект е финансиран од Европската Унија